Проект: Создавање можности за работа за сите – основна фаза

УНДП – Скопје

# УПАТСТВО

## за функционирање на советите за социјална заштита на планските региони

Скопје, 2021

Автори:

Проф. д-р Сузана Борнарова

Проф. д-р Наташа Богоевска

## СКРАТЕНИЦИ

ЗСЗ – Закон за социјална заштита

МЛС – Министерство за локална самоуправа

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

ОССЗ – Општински совет за социјална заштита

ПР – Плански регион

СМПР – Социјална мапа на планскиот регион

ССЗПР – Совет за социјална заштита на планскиот регион

ЦРПР – Центар за развој на планскиот регион

ЦСР – Центар за социјална работа

СОДРЖИНА


СКРАТЕНИЦИ 4

ВОВЕД 6

1. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 6

2. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ 8

2.1. Социјална превенција 8

2.2. Социјални услуги 8

3. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА РЕГИОНАЛНО НИВО 13

3.1. Меѓуопштинска соработка 13

3.2. Регионална соработка 14

4. АКТИВНОСТИ НА ССЗПР ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ 15

4.1. Изработка на социјална мапа на планскиот регион 15

4.2. Изработка на информација за потребата од развој на социјални услуги во планскиот регион 16

РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА 19

## ВОВЕД

Со Законот за социјална заштита се уредуваат системот, организацијата и вршењето на дејноста социјална заштита. Социјалната заштита како дејност од јавен интерес се остварува преку: мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, како и превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Целите на социјалната заштита се:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,
- спречување на социјалната исклученост,
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со Законот. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во: вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштитата на семејството, заштитата на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области.

Носители на социјалната заштита се: Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје (во натамошниот текст: општините), во рамките на нивните надлежности. Тие обезбедуваат вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и закон, преку основање на установи за социјална заштита или пренесување на вршењето на работи од социјалната заштита на здруженија, други правни и физички лица.

Новина во Законот за социјална заштита, усвоен во 2019 година, претставува обврската на општините за основање општински совети за социјална заштита, како и совети за социјална заштита на планските региони. На тој начин, се очекува општините да ги зајакнат капацитетите за вршење на социјална заштита и соодветно да одговорат на социјално-заштитните потреби на локалното население. Воспоставениот процес на стратешко планирање на општинско ниво, претставува основа за креирање регионални социјални политики. Во таа насока, следен чекор во градењето на системот на социјална заштита е основањето на Советот за социјална заштита на планскиот регион кој се основа во секој плански регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на регионот.

Ова Упатство е наменето за членовите на советите за социјална заштита на планските региони и има за цел да понуди насоки за основање и работа на овие совети.

## 1. ОСНОВАЊЕ И СОСТАВ НА ССЗПР

За остварување на дејноста на социјалната заштита на ниво на плански регион, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, развиваат мерки и активности за социјална заштита и формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион (ССЗПР). Основна функција на ССЗПР е планирање на регионалните социјални политики и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион.

ССЗПР го сочинуваат градоначалникот и директорот на центарот за социјална работа (ЦСР) од општините на подрачјето на планскиот регион, со мандат во траење од четири години. Во работата на ССЗПР учествува и директорот на Центарот за развој на планскиот регион (ЦРПР).

Со оглед на видот и карактерот на надлежностите на членовите на ССЗПР и потребата за обезбедување континуитет во работата на ССЗПР, градоначалникот и директорот на ЦСР овластуваат лица кои ги разгледуваат и подготвуваат материјалите за работата на ССЗПР, и тоа: раководителот на секторот/одделението за социјална заштита, односно секторот/одделението во чија надлежност е остварувањето на социјалната заштита, согласно со Актот за внатрешна организација и систематизација на работните места на општината, како и раководителот на службата за социјални услуги. Овластените лица работат во рамките на подготвителна група која заседава пред одржување на седница на ССЗПР и ги подготвува материјалите за претстојната седница.

Стручна и административно-техничка поддршка на работата на ССЗПР дава општината која заседава со ССЗПР и делегира технички секретар кој обезбедува поддршка на работата на ССЗПР, учествува на состаноците и води записници, без право на мериторно учество и одлучување.

## 2. МАНДАТ, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ССЗПР

Со деловникот за работа на ССЗПР се уредуваат прашањата поврзани со: мандатот, правата и должностите на членовите на ССЗПР.

### 2.1. Траење и престанок на мандатот на членовите

Мандатот на членовите на ССЗПР трае четири години. На членот на ССЗПР му престанува мандатот пред истекот на времето од четири години, доколку му престане мандатот како градоначалник на општината, односно директор на ЦСР по истекот на мандатот или пред истекот на времето за кое е избран.

Во случај на престанок на мандатот на член на ССЗПР пред истекот, во работата на ССЗПР продолжува новоизбраниот градоначалник, односно директор на ЦСР.

### 2.2. Права и должности на членовите на ССЗПР

Членовите на ССЗПР имаат право и должност да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на седниците на ССЗПР. Членовите на ССЗПР имаат право и должност на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози.

Овластените лица имаат право и должност да учествуваат во работата на подготвителната седница на ССЗПР заради подготовка на материјалите на дневен ред на претстојната седница. Подготвителната седница ја свикува општината која претседава со ССЗПР.

### 2.3. Претседател на ССЗПР

Членовите на ССЗПР избираат претседател на ССЗПР од редот на градоначалниците, кој има обврска за свикување на седниците на Советот врз основа на ротирање за период од една година. Претседателот на ССЗПР се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на ССЗПР.

Со подготвителната група на ССЗПР раководи градоначалник од општината со најголем број жители во регионот, односно лице овластено од него.

Обврски на претседателот на ССЗПР се:

- ги свикува и раководи со седниците на ССЗПР;
- се грижи за организацијата и работата на ССЗПР;
- ги свикува седниците на подготвителната група на ССЗПР.

## 3. НАЧИН НА РАБОТА НА ССЗПР

### 3.1. Конституирање и промена на состав

ССЗПР се конституира на иницијатива од општината со најголем број жители во регионот. Иницијативата ја поведува градоначалникот со испраќање на допис до градоначалниците на сите општини во планскиот регион, како и директорите на ЦСР од општините на подрачјето на планскиот регион, со назначување на законските обврски за конституирање и учество во работата на ССЗПР.

По спроведени локални избори, новоизбраниот градоначалник од општината која претседава со ССЗПР, во рок од еден месец по преземањето на должноста од претходниот градоначалник, е должен да свика седница на ССЗПР во променет состав согласно со резултатите од спроведените локални избори.

### 3.2. Свикување седници

Седниците на ОССЗ се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци. Седниците ги свикува претседателот на ССЗПР на своја иницијатива и на барање од најмалку 1/4 од членовите на ССЗПР најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување. Подготвителната седница се одржува најмалку пет дена пред одржувањето на редовната седница на ССЗПР.

Доколку претседателот на ССЗПР не свика седница во определениот рок, членовите на советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на ССПР, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се доставуваат до членовите на ССЗПР, најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со деловникот.

### 3.3. Свикување вонредна седница

Вонредна седница на ССЗПР свикува претседателот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на ССЗПР, во случаи и на начин утврдени со деловникот.

Во известувањето за свикување на вонредната седница се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата. ССЗПР не може да го менува дневниот ред за вонредната седница.

Во случај на одржување на вонредна седница на ССЗПР, не мора да се одржи претходна подготвителна седница.

### 3.4. Работа на седниците

ССЗПР може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на ССЗПР. ССЗПР одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со деловникот поинаку не е определено.

За секоја седница на ССЗПР се води записник согласно со деловникот за работа.

### 3.5. Подготвителна група

За разгледување на прашања и утврдување предлози поврзани со точките на дневен ред, на седницата на ССЗПР се формира Подготвителна група составена од овластени лица од градоначалникот на општината и директорот на ЦСР од планскиот регион.

Подготвителната група се основа заради ефикасност, ефективност и фокусираност во работата на ССЗПР при што членовите на подготвителната група, на седница ги анализираат состојбите, ги усогласуваат мислењата, подготвуваат материјали, формулираат заклучоци и вршат други работи кои ќе  бидат предмет на работа на седниците на ССЗПР.

### 3.6. Јавност во работата

ССЗПР работи на седници. Седниците на ССЗПР се јавни. За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со деловникот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на ССЗПР.

На седниците на ССЗПР може да присуствуваат заинтересирани страни како што се: претставници на здруженија, даватели на социјални услуги, претставници од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Министерството за локална самоуправа (МЛС), Заводот за социјални дејности (ЗСД), корисници на социјални услуги и други, без право на глас при одлучување, односно гласање.

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ НА ССЗПР

Надлежности на ССЗПР се:

- ги следи, анализира и констатира состојбите во областа на социјалната заштита на ниво на плански регион;
- креира регионални политики за задоволување на социјално-заштитните потреби на населението;
- ги анализира социјалните планови подготвени од ОССЗ во кои се мапирани социјалните проблеми и се идентификувани ранливите групи во општините, како и капацитетите и расположливите социјални услуги на локално ниво;
- ги разгледува годишните програми за социјална заштита на општините на подрачјето на планскиот регион;
- ги проценува специфичните потреби за развој на социјални услуги во планскиот регион;
- изработува социјална мапа на планскиот регион (СМПР);
- доставува предлог за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите до МТСП;
- ги користи модалитетите и инструментите за развивање на меѓуопштинска соработка, иницира основање на заеднички установи за социјална заштита и центри за социјални услуги и соработува со Комисијата за поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка;
- се вклучува во подготовката на Програмата за развој на планскиот регион (петгодишна) која ја подготвува Центарот за развој на планскиот регион во делот поврзан со социјалниот развој на планскиот регион;
- учествува во утврдување на годишната листа на проекти за развој на планскиот регион од областа на социјалната заштита преку учество во регионалните консултации – форуми за утврдување на предлог - листа на регионални проекти;
- донесува деловник за работа на ССЗПР;
- врши други работи од социјална заштита во планскиот регион.

## 5. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Заради остварување на работите од надлежност, ССЗПР соработува со други институции/организации од општините на подрачјето на планскиот регион. На ниво на стратешко планирање на активностите во социјалната заштита, учеството на клучните локални актери и донесувањето на актите е предвидено со Законот за социјална заштита. ССЗПР своите надлежности ги остварува и во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка и Законот за рамномерен регионален развој.

Во процесот на стратешко планирање кој го применува пристапот оддолу-нагоре (bottom-up) јасно се разграничени улогите на сите учесници коишто се меѓусебно зависни и се надоврзуваат едни на други (види Приказ 1).

*Приказ 1. Процес на стратешко планирање во социјалната заштита*




ОССЗ изработува социјален план во кој се:

- идентификуваат социјално ранливите групи на население и се мапираат социјалните проблеми во општината;
- утврдуваат расположливите општински ресурси и достапните социјални услуги;
- утврдуваат потребите за развој на социјалните услуги на локално ниво.

Врз основа на социјалниот план, Советот на општината на предлог на градоначалникот усвојува Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во која се предвидуваат активности и средства за нивна реализација. Членовите на ОССЗ се активно вклучени во изработката на Годишната програма која треба да е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита, донесена од Владата на Република Северна Македонија. На крајот од годината, се усвојува Завршен извештај за реализираните активности во социјалната заштита, согласно со предвидената Годишна програма, кој се доставува до Министерството за труд и социјална политика.

ССЗПР утврдува потреба за развој на социјални услуги (види Прилог 1) на ниво на плански регион врз основа на анализа на примарни и секундарни извори на податоци добиени од општините: социјални планови, програми за социјална

заштита, стратешки документи и акциони планови, извештаи од емпириски истражувања, статистички податоци и слично. Заради идентификација на потребните социјални услуги на регионално ниво, ССЗПР изработува Социјална мапа на планскиот регион која содржи (види Прилог 2):

- општи и демографски податоци за планскиот регион: географска положба, рурално/урбана, патна инфраструктура, доминантна дејност на населението, структура на население, густина на населеност, стапка на невработеност и др.
- идентификувани ранливи групи и социјални проблеми заеднички за општините во регионот;
- капацитети и расположливи услуги од областа на социјалната и детската заштита: детски градинки, центри за социјална работа, центри за вработување, услуги во домот, центри за социјални услуги во заедницата, установи за социјална заштита и други социјални услуги – пасивни и активни;
- потребни социјални услуги во планскиот регион.
- Во процесот на селекција на потребните социјални услуги, предвид се земаат следните критериуми:
- социјални проблеми со голем обем и распространетост во регионот и потреба за соодветна интервенција;
- висок степен на социјална ранливост на одредени специфични групи население на ниво на плански регион со незадоволени социјално-заштитни потреби;
- избор на соодветна социјална услуга која одговара на специфичностите на ранливите групи по вид, карактер, ургентност која може да се доставува на регионално ниво;
- оптимално искористување на постојните ресурси на општините и развивање на модалитетите на меѓуопштинска соработка заради достава на социјални услуги;
- фокус кон развивање нови и иновативни социјални услуги и таргетирање маргинализирани лица.

При утврдување на потребата за развој на социјални услуги, фокусот се става на услугите кои се соодветни за достава на регионално ниво преку различни облици на меѓуопштинска соработка.

Врз основа на утврдената листа на потребни социјални услуги во планскиот регион, ССЗПР, најмалку еднаш годишно, подготвува информација за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите. Информацијата се ревидира секоја година согласно со тековните состојби и потреби и во вид на предлог за развој на мрежата на социјални услуги на ниво на планскиот регион (види Прилог 3) се доставува до МТСП.

Доставениот предлог за развој на мрежа на социјални услуги којшто е изработен врз основа на утврдените заеднички социјално-заштитни потреби на општините од еден регион, се зема предвид при подготовката на годишните јавни повици за финансирање на социјални услуги од страна на Министерството за труд и социјална политика. Имено, Министерството обезбедува средства за развивање и давање социјални услуги од општините на годишно ниво, кои рамномерно се распоредуваат за социјалните услуги по плански регион во ист или повисок износ од доделените средства за таа намена во претходната година по плански регион. При утврдување на видот на социјалната услуга за која се обезбедуваат средствата преку јавниот повик, се зема предвид предлогот доставен од ССЗПР.

Во јавниот повик се наведува видот на социјалните услуги за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот повик и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги, за секој плански регион.

При распределбата на средствата, се предвидува предност да имаат пријави кои ќе се реализираат преку меѓуопштинска соработка, соработка со лиценцирани даватели на социјални услуги, меѓуресорска соработка и обезбедено кофинансирање. Општината, односно општините од планскиот регион може да доделат сопствени средства за обезбедување социјални услуги на лиценцирано здружение или друг приватен давател на социјална услуга, преку објавување јавен повик.

Покрај за општините, МТСП објавува јавни повици за обезбедување средства за финансирање социјални услуги и од здруженија на годишно ниво, како и за развој на иновативни и интервентни социјални услуги.

*Прилог 1. Листа на социјални услуги по вид и корисници*

| | Вид на услуга | | | Категорија корисници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги на информирање и упатување** | | | сите |
| 2. | **Услуги на стручна помош и поддршка** | | | сите |
| 3. | **Услуги на советување** | | | сите |
| 4. | **Услуги во домот** | *Услуга на помош и нега во домот* | | лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица |
| | | *Услуга на лична асистенција* | | Деца од шест години и лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица |
| 5. | **Услуги во заедницата** | *Дневни услуги* | Услуга на дневен престој | деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани, стари лица |
| | | | Услуга на рехабилитација и реинтеграција | деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица |
| | | | Услуга на ресоцијализација | деца во ризик и деца во судир со законот, возрасни лица по издржување казна затвор |
| | | *Привремени услуги* | Услуга за привремен престој | дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно и родово засновано насилство, жртва на трговија со луѓе, бездомници |
| | | | Услуга на одмена на семејна грижа | член на семејство кој се грижи за старо лице, лице со попреченост и друго болно и изнемоштено лице |
| | | | Куќа на пола пат | лице со статус на дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и дроги по спроведен третман на лекување |
| 6. | **Услуги на вонсемејна заштита** | *Живеење со поддршка* | | |
| | | *Згрижување во семејство* | Општо | дете без родители и родителска грижа, старо лице, лице со попреченост |
| | | | Специјализирано | дете во ризик и дете во судир со законот, дете жртва на семејно насилство, дете или лице со попреченост |
| | | | Повремено | дете или возрасно лице згрижено во друго згрижувачко семејство, дете или возрасно лице со попреченост заради одмена на лицето кое се грижи за него (родител/старател) |
| | | | Интервентно | дете без родители и родителска грижа, дете од конфликтно семејство, жртва на насилство, жртва на трговија со луѓе |
| | | | Роднинско | дете без родители и родителска грижа (во семејство на баба/дедо, брат/сестра, вујко, чичко или тетка) |
| | | *Сместување во установа* | | дете без родители и родителска грижа, старо лице, лице со попреченост, барател на азил, маргинализирано лице, дете во судир со закон 14 – 18 г. |

*Прилог 2. Образец за содржината на социјалната мапа на планскиот регион*

| Поглавје | | Содржина |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | Основ, цел, вклучени актери, начин и време на подготовка на регионалната социјална мапа |
| 2. | Податоци за регионот | Општи и демографски податоци: географска положба, рурално/урбана, патна инфраструктура, доминантна дејност на населението, структура на население, густина на населеност, стапка на невработеност и др. |
| 3. | Регионална мапа на социјални проблеми | Идентификувани ранливи групи и социјални проблеми во планскиот регион |
| 4. | Капацитети и расположливи социјални услуги во планскиот регион | 4.1. Институционални капацитети од областа на социјалната заштита: детски градинки, ЦСР, ЦВ, услуги во домот, центри за социјални услуги во заедницата, установи за социјална заштита и други социјални услуги – пасивни и активни; |
| | | 4.2. Расположливи неискористени капацитети (празни објекти, простории од постојни објекти кои би можеле да се отстапат на користење, расположлив кадар кој би можел да се ангажира, можни донатори и финансиери за потребите на воспоставување на одредена социјална услуга, неискористени инструменти за мобилизација на средства и др.). |
| 5. | Потребни социјални услуги во планскиот регион | Потребни социјални услуги за идентификуваните регионални социјални проблеми |

*Прилог 3. Образец за предлогот за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите*

| ПРЕДЛОГ ЗА ПОТРЕБАТА ОД РАЗВИВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Плански регион | | | |
| 2. | Општини во планскиот регион | | | |
| 3. | Доминантни социјални проблеми во планскиот регион | | | |
| 4. | Идентификувани ранливи групи во планскиот регион | | | |
| 5. | Потребни социјални услуги во планскиот регион | Подвид на услуга | Категорија корисници | Начин на воспоставување |
| 5.1. | Социјална превенција | | | |
| 5.2. | Услуги во домот | | | |
| 5.3. | Услуги во заедницата | | | |
| 5.4. | Услуги на вонсемејна заштита | | | |
| 5.5. | Други социјални услуги | | | |

## РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА

1. Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21)
2. Закон за социјална сигурност на стари лица („Службен весник на РСМ" бр. 104/19)
3. Закон за семејство („Службен весник на РМ" бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14 , 104/15, 150/2015)
4. Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20)
5. Закон за правда за децата („Службен весник на РМ" бр. 148/2013)
6. Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15)
7. Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10, 51/2011)
8. Закон за град Скопје („Службен весник на РМ" бр. 55/2004, 158/2011)
9. Закон за установите („Службен весник на РМ" бр. 32/2005, 120/2005, 51/2011)
10. Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002)
11. Закон за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр. 79/2009)
12. Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11, 55/16)
13. Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ" бр. 24/2021)
14. Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РМ" бр. 50/2010, 127/10, 44/14, 150/15)
15. Закон за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016)
16. Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016)
17. Национална програма за развој на социјална заштита, 2011 – 2021 година, Влада на РМ, 2011 година.
18. Национална стратегија за деинституционализација „Тимјаник" 2018 – 2027, Влада на РМ, 2018 година.